Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 30.03.2021

На 29.03.2021 околу 22.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Ѓорче Петров го лишиле од слобода Ј.А.Ј.(24) од Скопје, затоа што при извршен претрес кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.03.2021 во 20.00 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода В.Т.(38) од Битола, затоа што при преглед кај него била пронајдена и одземена прашката материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (29.03.2021), СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 85 мерки, меѓу кои 38 за пребарување возила со брзина поголема од дозволената, 14 без возачка дозвола, 5 за нерегистрирани возила, 2 за технички неисправни возила, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 7 за некористење сигурносен појас, 7 за користење мобилен телефон, 1 за непрописно паркирање, 2 за возачи почетници кои не се придружуваат на законските ограничувања, 1 за претовар и 5 за непрописно престигнување.

На 29.03.2021 на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за неправилно престигнување, во која врз основа биле откриени и законски санкционирани 59 прекршоци (ТЕ-23 и ГВ-36). Најголемиот број од прекршоците - 42 се однесуваат на престигнување на места каде дино забрането (ТЕ-16 и ГВ-26), а преостанатите на непрегледни места и на престигнување во колона. На сите прекршители изготвени им се соодветни санкции. При контрола, исто така, санкционирани се и 16(ТЕ) други видови прекршоци.

На 29.03.2021 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола над возачи кои возачи кои вршат неправилно престигнување. Притоа, биле откриени 39 прекршоци, од кои 18 по акциската контрола и 21 останати прекршоци, кои биле соодветно санкционирани.

На 29.03.2021 на подрачјето на СВР Велес спроведена е акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување, при што се регистрирани седум прекршоци, од кои четири во Велес, два во Кавадарци и еден во Неготино, кои ќе бидат санкционирани со соодветна пријава.

На 29.03.2021 во 10.30 часот во Полициската станица Виница било пријавено дека на ул.„Ванчо Прќе" во Виница, патничко возило „ланд ровер", со винички регистарски ознаки, управувано од С.М.(67) с.Градец, удрило во малолетен пешак. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничкиот центар Штип. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Виница.

На 29.03.2021 во 15.20 часот во Полициската станица Карпош, В.Б.(72) од Скопје пријавила дека на ул.„Бледски договор" била касната да куче скитник.

На 29.03.2021 во 21.45 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Ј.М.(36) од Куманово, поради основано сомнение дека околу 18.50 часот во казино на ул.„Тоде Мехијот" одзел пари од вработената. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Б.П.(68) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижности". Тој, во текот на 2020, кај месноста „Бадеми" на крајбрежјето на Дебарско Езеро, узурпирал државен земјиште со вкупна површина од 69,36 метри квадратни и без одобрение од надлежен орган, изградил два базена. Со тоа, пријавениот го прекршил членот 59 од Законот за градење и се стекнал со противправна имотна корист од 106.970 денари.

На 29.03.2021 на подрачјето на СВР Охрид била спроведена акциска контрола, при што полициските службеници санкционирале 20 возачи кои извршиле непрописно престигнување (Охрид-03, Струга-04, Кичево-09, Дебар-04). На подрачјето на Охрид, санкциониран е еден возач кој разговарал на мобилен телефон додека управувал возило, два возачи кои немале возачки документи и еден кој управувал нерегистрирано моторно возило. Во Струга, поради непрописно паркирање, со специјално возило биле подигнати три моторни возила.

На 29.03.2021 во 22.35 часот во СВР Штип, од Казнено поправната установа Затвор Штип било пријавено дека на тераста од затворот биле пронајдени четири кеси со прашката материја. Од страна на полициски службеници од СВР Штип прашкастата материја била одземена за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.03.2021 во 17.00 часот во Полициската станица Гази Баба, С.Т.(28) од с.Петровец, скопско, пријавила дека на 26.03.2021 нејзиниот сопруг З.Т.(35) бил повреден додека работел за фирма на објект на бул.„Александар Македонски" во Скопје. Според пријавеното, тој бил пренесен во Градската општа болница Св.„Наум Охридски", каде му биле констатирани тешки телесни повреди.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.С.(34) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Пријавениот склучил договор за продажба на возило „мерцедес" со Ј.И. од с.Семениште, но после тоа не му го предал во владение возилото според договореното и не бил достапен, при што му причинил материјална штета од 246.000 денари.

На 29.03.2021 во 15.00 часот во СВР Скопје, М.Д.(19) од Скопје пријавила дека на 28.03.2021 околу 18.45 часот на крстосница на подрачјето на Центар едно лице физички ја нападнало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Ф.Ц.(25) од с.Големо Радобил, прилепско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, дожење, посредување и трговење со оружје или распрскувачки материи". Na 12.11.2020, при извршен претрес на дом и други простории кај пријавениот во с.Големо Радобил, полициски службеници службеници пронашле и одделе ловечка пушка „Црвена застава" со калибар 16мм, сопственост на дедото на Ф.Ц. и еден ловен карабин „Војнотехнички завод – Крагујевац" со калибар 7,9мм.

На 29.03.2021 во 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред казино на подрачјето на Аеродром, по претходно расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Д.(39) и В.Р.(55), двајцата од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 29.03.2021 околу 18.00 часот во близина на с.Черкези, куманово, едно лице фрлило со камен кон патничкиот воз кој сообраќал на релација Табановце – Скопје, при што скршил прозорско стакло од вагон. Повредени лица нема. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Ф.(31) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 12.06.2020, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одделе марихуана, хероин, амфетамин и метилен-диоксиметафетамин.

На 29.03.2021 во 19.45 часот во СВР Скопје, Ј.А. од Скопје пријавил дека околу 18.00 часот на бул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" три лица со употреба на физичка сила од неговиот малолетен син одделе чанта со паричник и лични документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против С.Г.(35) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Пријавениот, на 19.10.2020 склучил писмен предоговор за купопродажба за патничко возило „мерцедес", во својство на купувач од И.А.. Искористувајќи ја заверката на предоговорот кај овластен нотар, пријавениот сочинил лажен договор за купопродажба на моторно возило и заедно со сообраќајната дозвола на име на продавачот ја приложил во Станица за технички преглед. Врз основа на тоа му била изготвена сообраќајна дозвола на негово име. После тоа, наведеното возило тој го продал на лице од Прилеп.

На 29.03.2021 во 21.30 часот во СВР Скопје, З.С.(41) од Скопје пријавил дека во 19.45 часот на ул.„Васил Стефановски" едно лице со употреба на сила од неговиот малолетен син одзел велосипед на кој имало чанта и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против Т.И.(38) и М.Д.(27), двајцата од с.Панчарево, пехчевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконит лов". На 01.09.2020, полициски службеници ги затекнале пријавените во ловиште во атарот на с.Панчарево, во период кога имало забрана за лов за секаков вид дивеч. Тие биле лишени од слобода и им биле одземени пронајдените оружје и муниција.

СВР Тетово поднесе известувајќе против Г.Ш.(16) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „телесна повреда" при семејно насилство и „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 23.01.2021 во семејниот дом, Г.Ш. физички ги нападнал неговиот помал брат и неговата мајка. Откако на местото пристигнале полициски службеници, тој физички нападнал и полициски службеник.

На 29.03.2021 во 13.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, К.В. пријавил дека Љ.С.(55), лице со здравствени проблеми, му кажал дека во домот на ул.„1439" неговата мајка Ј.С.(80) била почината пред три дена. Екипа на Итна медицинска помош констатирала смрт. Известен е Јавен обвинител по чија наредба телото било дадено на одбукција. Извршен бил увид од екипа на СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против В.Ф.(37) од с.Чегране, гостиварско, сопственик на угостителски објект без назив и фирма во село Чегране, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 24.02.2021 во 21.15 часот, при извршена контрола од страна на полициски службеници, било констатирано дека пријавениот не го затворил угостителскиот објект во предвиденото време и овозможил присуство на повеќе лица после 21.00 часот. Од страна на инспектори од Државен пазарен инспекторат - Гостивар објектот бил затворен.

На 29.03.2021 во 16.00 часот во СВР Скопје, од Јавната установа за згрижување деца било пријавено дека од домот се одделечил Л.Д.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против правно лице – угостителски објект од Крива Паланка и С.К.(42) од Крива Паланка, одговорно лице во правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 13.02.2021 во 21.14 часот, при извршена контрола од страна на полициски службеници од ОВР Крива Паланка било констатирано дека пријавените постапале спротивно на одлуката на Владата, не го затворилле угостителскиот објект и овозможиле присуство на околу 30 гости после 21.00 часот.

На 29.03.2021 во 21.40 часот во Полициската станица Аеродром, од Итна медицинска помош било пријавено дека на ул.„Франьо Клуз" бил пронајден починат П.М.(37) од Скопје. Од екипа на Итна медицинска помош била констатирана смрт без траги на насилство. Известен е Јавен обвинител, по чија наредба телото било дадено на одбукција. Извршен бил увид од екипа на СВР Скопје.

На 29.03.2021 во 10.50 часот во Полициската станица Штип, Р.Р.(76) од с.Долни Балван, општина Карбинци пријавила дека нива во атар на с.Долни Балван била касната од куче, сопственост на А.Р.(26) од с.Долни Балван. По документирање на случајот против А.Р. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Сајтот е изработен согласно Упатството за минимални стандарди за изгледот на веб-страниците на органите на државната управа и на институциите на јавните установи, донесено од Владата на Република Северна Македонија.
Сајтот е изработен согласно Упатството за минимални стандарди за пристапот до содржините на веб-страниците на органите на државната управа и на институциите на јавните установи, донесено од Владата на Република Северна Македонија.
Сајтот е изработен согласно Упатството за минимални стандарди за дизајнот на веб-страниците на органите на државната управа и на институциите на јавните установи, донесено од Владата на Република Северна Македонија.
Сајтот е изработен согласно Упатството за минимални стандарди за содржината на веб-страниците на органите на државната управа и на институциите на јавните установи, донесено од Владата на Република Северна Македонија.
Сајтот е изработен согласно Упатството за минимални стандарди за пристапот до содржините на веб-страниците на органите на државната управа и на институциите на јавните установи, донесено од Владата на Република Северна Македонија.
Сајтот е изработен согласно Упатството за минимални стандарди за дизајнот на веб-страниците на органите на државната управа и на институциите на јавните установи, донесено од Владата на Република Северна Македонија.
Сајтот е изработен согласно Упатството за минимални стандарди за содржината на веб-страниците на органите на државната управа и на институциите на јавните установи, донесено од Владата на Република Северна Македонија.

Сајт управа и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет